**ИЗВЕШТАЈ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ИНТЕРНЕШНЕЛ ХОТЕЛС АД Скопје ВО 2024 ГОДИНА**

Интернешнел Хотелс А.Д. Скопје е компанија со повеќе од 29 години искуство во областа на угостителството и хотелскиот менаџмент. Главната дејност на компанијата останува менаџирањето на хотели и слични објекти за сместување. Компанијата го раководи најголемиот хотел во Скопје – Хотел Континентал, кој располага со 203 соби, од кои 6 се луксузни апартмани. Сите соби се опремени со централна климатизација, телефонски линии, сеф, интернет пристап и мини барови.

Хотелот продолжува да им нуди на своите гости висококвалитетна услуга и разновидни содржини, вклучувајќи три ресторани, две летни градини, бар, конференциски сали, фитнес центар и бизнис клуб. Во текот на 2024 година, компанијата задржа просечно 30 вработени, со тенденција на кадровско зајакнување и подобрување на интерните процеси.

2024 година се покажа како стабилна година во однос на претходните предизвици. Иако глобалната економска неизвесност и понатаму влијае врз туризмот, се забележува зголемување на бројот на странски и домашни гости, како и зголемен интерес за организирање на деловни и семејни настани во хотелот. За разлика од претходните години, каде пандемијата и геополитичките конфликти беа доминантни фактори, оваа година се почувствува постепено враќање кон нормалното работење.

И покрај инфлациските притисоци и сè уште високите цени на енергенсите и суровините, менаџментот успешно имплементираше мерки за ефикасно управување со трошоците и рационализација на ресурсите. Преку оптимизација на оперативните процеси и подобрување на услугата, компанијата постигна зголемување на приходите и одржување на стабилноста во работењето.

Предизвик и натаму останува одливот на квалификувани кадри, поради што компанијата вложи напори во привлекување и задржување на персонал преку дополнителни обуки, мотивациски пакети и подобрување на работните услови.

Интернешнел Хотелс А.Д. Скопје и понатаму останува посветена на обезбедување квалитетна услуга, задоволство на гостите и постојано подобрување на своите капацитети, со визија да биде водечки хотелски објект не само во Скопје, туку и во поширокиот регион.

**-Приходи**

Интернешнел Хотелс А.Д. во 2024 година оствари вкупни приходи од продажба на износ 82.676.381,00 денари истите се зголемени во однос на 2023 година за 19%.

- Приходите од ноќевање изнесуваат 53.369.087,00,00 денари и претставува 64,55% од вкупните приходи, при што се остварени 32.114 ноќевања.

- Приходите од храна изнесуваат 22.032.997,00 денари и претставуваат 26,65% од вкупните приходи.

- Приходот од пијалок изнесуваат 2.667.523,00 денари, се намалени споредбено со претходната година .

- Приходите од останато (изнајмување на сала, озвучување, симултан превод, цветни аранжмани) изнесуваат 4.606.774,00 денари,

- Останати приходи изнесуваат 2.650.068,00 денари, истите се остварени од позитивни курсни разлики, наплата на штета,приходи од отпишани обврски

**- Трошоци**

- Вкупните оперативни трошоци за 2024 изнесуваат 70.912.355,00 ден.

- Трошоците за храна се 7.156.915,00 денаи

- Трошоците за пијалок се 1.129.227,00 денари

- Трошоците за електрична енергија и нафта изнесуваат 15.843.123,00 денари,

трошоците се зголемениспоредбено со претходната година сразмерно зголемениот промет и цени на реагенсите .

- Трошоците за вработените изнесуваат 21.580.433,00 денари.

- Останати трошоци од работењето изнесуваат 25.202.657,00 денари.

- Трошоци за амортизација 9.247.428,00 денари

- Расходи по основ на отпис на ненаплатени побарувања 518.146,00 денари

- Расходи по основ на отпис на ситене инветер 343.994,00 денари

Трошоци и приходи кои независат од работењето, а се финансиско оптеретување за компанијата.

- Трошоци за осигурување 2.320.655,00 денари.

- Трошоци за камати по долгорочен кредит кои изнесуваат 1.983.871,00 денари.

Финансискиот резултат после овие трошоци а пред камата, амортизација и отписи изнесува 13.517.096,00 денари

Остварен е позитивен финансиски резуртат по пресметана камата и амортизација и изнесува 1.769.651,00 денари.,нето добивка по оданочување 1.453.266,00 денари.

Л'Емир Хабиб Зогби

Извршен директор

--------------------------